**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-125/12**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Клечовце за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Клечовце за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Александар Станковски - градоначалник на општина Клечовце од 01.01.2005 до 10.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 24.11. до 27.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со

извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Општина Клечовце има и располага со материјални средства како што се улици, патишта, водоводи и слично, кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на општината на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради непримена на претходно наведените прописи се јавува нереално искажување на материјалните средства и изворите на истите.
**Препорака:**
Надлежното одделение на општина Куманово да преземе мерки за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните конта за материјалните и нематеријалните средства и државниот- јавен капитал.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Позицијата Плати, наемнини и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е преценета во вкупен износ од 50 илјади денари, а за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи и тоа :

- во делот на ставката Нето основни плати и наемнини во износ 30 илјади денари, и
- во делот на ставката Придонеси од плати и персонален данок во износ од 20 илјади денари.

Причина за ваквите исплати е примена на повисок коефициент за утврдување на плата на градоначалникот на општината, што е спротивно на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и други именувани лица во Републиката.
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со примена на Законот за територијална организација на ЕЛС на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 55/04), општина Клечовце е населено место на општина Куманово.

**10.3. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба**

10.3.1. За искажаната состојба на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба во износ од 39 илјади денари ревизијата не можеше да се увери во реалноста на истата од следните причини:

- На ревизијата не и беа презентирани на увид имотни листи за имотот со кој располага општината, и

- Не е спроведено Решението на Владата на Република Македонија број 23-257/70 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбениот биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини.

Непочитување на законските прописи доведува до неусогласување помеѓу фактичката состојба и состојбата прикажана во сметководството.

**Препорака:**

- Општина Куманово да обезбеди имотни листи од надлежниот орган за имотот добиен од досегашната општина Клечовце;
- Да се утврди вредност и да се евидентира имотот добиен согласно решението број 23-257/70 од 08.02.2000 година во сметководствената евиденција на општина Куманово.

11. Вкупниот ефект од наодите во точката 10.2. е преценување на расходите и потценување на Вишокот на приходи над расходи за износ од 50 илјади денари во Билансот на приходи и расходи.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.1.,10.2. и 10.3. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Органот на Општина Клечовце на ден 10 Јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење кај Органот на Општина Клечовце остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за периодот до 10.06. 2005 година.

**Скопје, 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ЕЛС КЛЕЧОВЦЕ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложе ние | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 900 | 3.643 |
| **Вкупно приходи** | | **900** | **3.643** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 315 | 898 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 129 | 962 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.2.3. | 1 | 45 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **445** | **1.905** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 455 | 1.738 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **455** | **1.738** |
| **Вкупно расходи** | | **900** | **3.643** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

**ОРГАН НА ЕЛС КЛЕЧОВЦЕ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 10 ЈУНИ 2005**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 168 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **168** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 39 | 53 |
| **Вкупно постојани средства** | | **39** | **53** |
| **Вкупна актива** | | **207** | **53** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 168 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **168** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 39 | 53 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **39** | **53** |
| **Вкупна пасива** | | **207** | **53** |

**ОРГАН НА ЕЛС КЛЕЧОВЦЕ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **53** | **53** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** |
| Набавки | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | **-** |
| Пренос од средства во подготовка | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | **-** |
| Расходување | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **14** | **14** |
| Отпис на капитални средства | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | **-** |
| Амортизација | 14 | **14** |
| **Состојба 10.06.2005 година** | **39** | **39** |